**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________
_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 460 -та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 18.10.2023 година,  во 10:10 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Мери Радевска**, член;
- **м-р Антоанета Димовска** – член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседателка на Врховен суд *(уредно поканета)* извести на електронската адреса на Советот дека поради оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**,  ВД генерален секретар;
- **Анита Андоноска,** државен советник;
- **Александра Шоптрајанова,** технички секретар

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Претседателот на Советот откако констатира дека има потребен кворум за работа, го изложи предложениот Дневен ред и предложи точката под реден број 3 од Дневниот ред која гласи „ Донесување на одлука за определување на ВД претседател на Апелационен суд Штип“ да се измени и да гласи „ Избор на претседател на Апелационен суд Штип“ и отвори расправа.

Со оглед дека никој  не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предложениот изменет и дополнет Дневен ред. По гласањето констатира дека со 11  гласа -„За“, е усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на:

-Записник од 452-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.08.2023 година и продолжение од 31.08.2023 година;

-Записник од 453-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 06.09.2023 година;

2. Утврдување престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

3. Избор на претседател на Апелационен суд Штип;

4. Донесување на одлука за објавување оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од апелационо подрачје Битола и формирање на Комисија за подготвување на кандидатски листи;

5. Постапување по поднесени жалби на ранг листи на кандидати за избор на судии во повисок суд;

6. Постапување по одлуки на Управен суд;

7. Одлучување по барања од судии за патни трошоци;

8.Формирање на Комисија на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и

9.Разно.

**Точка 1**

**„ Усвојување на:Записник од 452-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.08.2023 година и продолжение од 31.08.2023 година и Записник од 453-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 06.09.2023 година“**

Претседателот на Советот по однос на 1-та точка од Дневниот ред отвори расправа по Записникот од 452-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.08.2023 година и продолжение од 31.08.2023 година.

За збор се јави Павлина Црвенковска – член на Советот која наведе дека има забелешка на овој Записник и побара на страна 40 од Записникот каде стои дека „ претседателот на Советот констатира дека при излагање на претставката УПП.бр.237/23 Павлина Црвенковска членот на Советот ја напушти седницата“,

Лорета Горгиева– член на Советот наведе дека нема да гласа за записниците бидејќи не била присутна на овие седници.

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање Записникот и по гласањето констатира дека со 10 гласа -„За“, е усвоен Записникот,

Претседателот на Советот отвори расправа по Записникот од 453-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 06.09.2023 година..

Весна Дамева член на Советот наведе дека нема да гласа за овој Записникот. бидејќи не била присутна на оваа седница.

Со оглед дека никој  не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање Записникот и по гласањето констатира дека со 9 гласа -„За“, е усвоен Записникот

**Точка 2**
**„Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија“.**

Претседателот на Советот по однос на 2-та точка од Дневниот ред наведе дека согласно евиденцијата со која располага Советот, двајца судии исполнуваат услови за старосна пензија согласно законот и потребно е  да се донесе одлука за престанок на судиската функција на Кирче Донев, судија на Апелационе суд Штип кој наполнил 64 години на 06.10.2023 година и на Ѓерасим Герасимовски, судија на Апелационен суд Гостивар кој наполнил 64 години на 14.10.2023 година и отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор констатираше дека се донесени:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Кирче Донев, судија на Апелационен суд Штип на 18.10.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Ѓерасим Ѓерасимовски, судија на Апелационен суд Гостивар на 18.10.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 3**
**„Избор на претседател на Апелационен суд Штип “**

Претседателот на Советот констатираше дека м-р Миљазим Мустафа е присутен на седницата.

Претседателот на Советот по однос на 3-та точка од Дневниот ред наведе дека со оглед да за судијата Кирче Донев е донесено решение за престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, а истиот ја вршешел и функцијата ВД претседател на Апелационен суд Штип, потребно е да се изврши избор на претседател на Апелациониот суд Штип. Согласно чл.36 ст.1 аленеја 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ е предвидено дека Советот е надлежен да ги избира судиите и претседателите на судовите, а од член 47 до чл.51 од Законот за судовите се предвидени начинот на избор и критериумите. Судскиот совет согласно подзаконските акти формира Комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по објавен оглас за избор на претседател на Апелационен суд Штип. За констатираната состојба Комисијата изготвила Извештај кој бил усвоен на седница на Советот и била донесена одлука постапката за избор на кандидатите да продолжи, потоа било спроведено вонредно оценување на  кандидатите за претседател на суд, спроведени биле психолошкиот тест и тест за интегритет, како и  интервју,  по што бил изготвен и доставен предлог со двајца кандидати за претседател на Апелациониот суд Штип, а на еден кандидат му е констатиран престанок на судиската  функција поради исполнување на услови за пензија поради што останал само еден кандидат.

**Претседателот на Советот го стави на гласање единствениот кандидатот за избор претседател на Апелационен суд Штип - Тони Делев и по гласањето констатира дека со 12 гласа „За“, кандидатот го доби потребното мнозинство од вкупниот број членови со право на глас и дека е донесена следната**

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП**

**За претседател на Апелационен суд Штип е избран Тони Делев, судија на Апелационен суд Штип**

Претседателот на Советот наведе дека секој член на Советот со право на глас, треба да даде образложение за својата одлука за избор на претседател како што е предвидено во член 51 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Претседателот на Советот наведе дека гласал „За“ овој кандидати имајќи во предвид дека е единствен кандидат,а воеднос мета дека истиот како судија е докажан и истиот може да раководи, односно да ја обавува функцијта претседател на суд и му посака среќа и очекува да покаже добри резултати.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека гласала „За“ кандидатот со оглед дека ги исполнувал сите услови, се работело за судија кој имал покажано квалитет во работата, имал добри односи со сите и имал позитивна оценка и смета дека прав предизвик било во ова време некој да прифати да раководи со суд затоа што познати биле условите во судството и му го честиташе изборот.

м-р Антоанета Димовска- член на Советот му го честиташе изборот за претседател наведе дека не го познавала лично ,но од извештајот произлегувало дека се работело за квалитен судија кој покажал успех во работата и му посака успех во работата.

Лорета Георгиева – член на Советот наведе дека кандидатот технички ги исполнувал условите, меѓутоа наведе дека се работи за исклучителна личност, со питома природа, професионалец и смета дека се работи за човек кој навистина ќе придонесел за добри односи и добар менаџмент во судот, истиот бил максимално ангажиран како судија во Основниот суд Струмица, а верува дека на ист начин ќе продолжел со работа и во Апелациониот суд Штип и во делот на работата со АКМИС системот и во делот на најразлични проекти со меѓународни организации и му го честиташе изборот.

Ивица Николовски – член на Советот наведе дека за избараниот кандидат за претседател не било спорно дека ги исполнил сите предвидени услови и критериуми за избор на претседател. Советот во рамките на својата надлежност ценејќи ја неговата работа се произнел со објективна оцена со констатирање одговорно, совесно и морално вршење на судиската функција и истиот и во квалитативна и во квантитативна смисла покажал видливи резултати не гледал пречки да овој избран кандидат за претседател со долгогодишен стаж од повеќе од 18 години дека успешно ќе ја извршува функцијата претседател и му го честиташе изборот.

Мирсад Сурoји – член на Советот наведе дека гласал „ За“ колегата, иако бил единстен кандидат и ги исполнувал условите за да биде претседател, се одлучил за истиот со оглед дека се работело за стабилна личност, за судија со интегритет кој активно работел и имал добра улога во судството и во судот , добар менаџер и добри и коректни односи со останатите колеги и отstанатите вработени во судот, што било добар показател за неговото менаџирање во иднина и му го честиташе изборот.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека гласала „За “ овој судија да биде претседател на Апелациониот суд Штип, од причина што се работело за судија кој имал долгогодишно искуство и тоа од 2016 година е судија и во Апелациониот суд Штип и наведе дека

не го познавала лично, но по однос на личноста наведе дека ќе поклонела верба на координаторот на Апелациониот суд Штип, бидејќи длабоко верувала во колешката дека е тоа вистина, а до нејзе како член на Советот не стигнале спротивни информации. По однос на стручноста наведе дека не можела да ја сопри со оглед на квалитативните и квантитативните резултати кажувале дека се работело за исклучително  солиден судија и изрази верување дека во наредниот период ќе имал елан, капацитет и  можности да се избори со еден суд во кој состојбата не била  за пофалба поради недостаток на судии.

м-р Миљазим Мустафа – член на Советот наведе дека гласал „За“ кандидатот од причините кои претходно ги изнеле колегите, со оглед дека се рабело за искусен и квалитетен судија, до сега немало во евиденцијата дека бил дисциплински казнет или дека била водена дисциплинска постапка и смета дека  се работи за добар кандидат кој одлично ќе ја извршува функцијата претседател на суд.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека гласал „За“ кандидатот се работело за единствен кандидат кој ги исполнувал условите, досега за неговото работење немало некои укажувања, претставки дека судијата не ја извршува фукцијата совесно и квалитетно поради што немало причини да не гласа за овој кандидат..

Павлина Црвенковска – член на Советот. наведе дека гласала „За“ судијата Тони Делев да биде избран за претседател на Апелациониот суд Штип, водејќи се единствено од Извештајот кој го добила Комисијата , дека се работи вза судија со долгогодишно искуство смета дека бил доволно време  во судството посебно било доволно  времето со работа во Апелациониот суд Штип од 2016 година  дека имал можност да се запознае со начинот на работа, со односите во судот и дека сето тоа ќе придонело добро да го менаџира  работењето на Апелационито суд Штип, без оглед што била позната состојбата  со недостатокот на судии.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот  му го честиташе изборот на колегата Тони Делев наведе дека гласала „За“ овој кандидат за претседател, затоа што од податоците кои ги добила од неговото CV, од оценувањето, позитивната оценка иинформациите кои што ги споделил и коррдинаторот која била во констакт со судиите на Апелациониот суд Штип, а исто така и нејзиниот личен впечаток кој што го стекнала при спроведенот  интервју и дека за него има навистина позитивно мислење и очекува да има успех во работата посебно ја импресионирало тоа што во досегашното негово работно искуство немало дамки во однос на неговата професионалност и интегритет изрази надеж дека ќе продолжи така и во иднина  и му посака успех во работењето.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Советот наведе дека гласал „За“  кандидатот дека се работело за тешка фукција и обврска и изрази верување дека  иситот  може да се справи со тоа имајќи ја во предвид состојбата со недостиг на судии, но со оглед на впечатокот кој го оставил имал афинитети да се справи состојбата во судот и му го честиташе исборот.

**Точка 4 „ Донесување на одлука за објавување оглас за избор на член на Судскиот совет на РСМ од апелационо подрачје Битола и формирање на Комисија за подготвување на кандидатски листи “.**

Претседателот на Советот по однос на 4-та точка од Дневниот ред наведе дека согласно чл.9 ст.1 т.1 од Законот за Судскиот совет на РСМ е предвидено дека Претседателот на Советот е должен најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на Советот или член на советот да распише оглас за избор на член на Советот од редот на судиите. Со оглед да член на Советот исполнува услови за старосна пензија на 19.01.2024 година, потребно е да се донесе одлука за озбјавување оглас за избор на член на Судскиот совет од редот на судиите од апелационо подрачје Битола.

Претседателот на Советот отвори расправа.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека  добро е да се дискутира по однос на оваа точка со оглед дека колешката била некаде на средина на мандатот, а услови за старосна пензија исполнувала во месец јануари 2024 година, што значело дека се работи за предвремено престанување на нејзиниот мандат кога требало да се примени членот 9 став 2  од Законот за Судскиот совет на РСМ кој гласи „ Во случај на преедвремен престанок на мандатот од членот 7  став 4 , претседателот на Советот ќе постапи согласно со ставот 1 на овој член во рок од 15 дена по престанокот на мандатот на членот на Советот“ и наведе дека е многу рано да се дискутира за оваа точка од Дневниот ред, затоа што колешката навршувала 64 години во јануари 2024 година и претседателот на Советот доколку се констатира престанок на функцијата член на Советот поради пензионирање во рок од 15 дена требало да распише оглас за пополнувањен на ова место. Наведе дека се работи за специфична точка, ќе имало и различни мислења, но во овој момент било рано да се дискутира за оваа точка, но како прашање во наредниот период требало темелно да се претресе, бидејќи не се работело за едноставно прашање.

М-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека ќе коментира во истата насока, со оглед дека е ставено како точка на Дневен ред  раководејќи се од член 9 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ и коко што претходно навела колешката Антоанета овде не била таква состојбата, односно се работело за предвремен престанок на мандат на член на Советот, заради измени во Законот за работни односи кој што стапил во сила во 2022 година и согласно кој со наполнети 64 години на судиите им престанува судиската функција. Со оглед на фактот што колешката Мери Радевска доаѓа од редот на судиите, како член на Советот нејзиниот мандат смета дека е врзан со мандатот на судија и заради тоа со исполнувањето на условите за старосна пензија во конкретниот случај смета дека има и престанок на мандат член на Советот. Наведе дека  во овој случај не можело да се примени ставот 1 од членот 9  од Законот за Судскиот совет на РСМ по однос на распишување на огласот за избор на член на Советот  од редот на судиите што било обврска на претседателот на Советот, туку требало да се раководат од ставот 2 на членот 9 и огласот во конкретниот случај според нејзе,  а така велел и Законот дека се распишува во рок од 15 дена  по предвремениот прекин на мандатот на член на Советот и затоа смета дека во овој момент оваа точка била беспредметна да биде ставена на Дневен ред.

Лорета Горгиева - член на Советот наведе дека без да се впуштеле да расправаат за мандатот, прво и основно било тоа дека оваа точка од Дневниот ред е преуранета за одлучување и дека за тоа ќе се дискутирало после исполнувањето на условите за старосна пензија кога ќе се дискутирало и за мандатот, односно не  можело да се дискутира за точка објавување на оглас кога се уште на колешката и тече мандатот и била активна во Советот и наведе дека оваа точка треба да се тргне  од Дневниот ред.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека оваа точка не можело да се тргне од Дневниот ред бидејќи истиот веќе бил усвоен и дека веќе се впуштиле во давање мислење по однос на оваа точка. Наведе дека уште на почетокот сакала  да предложи оваа точка да биде тргната од Дневниот ред, меѓутоа наведе дека сочуствувала со претседателот на Советот со оглед дека имал некои дилеми дали ќе се примени став 1 или став 2 од членот 9  по кој требало да се распише оглас за избор на член на Советот од редот на судиите и дали воопшто ќе се распише оглас. Според нејзе не било грешка што била ставена како точка на Дневен ред но не можеле да се впуштат во мериторно  расправање. Наведе дека  ако целта на  претседателот било тоа дали треба или не треба да се распише оглас и кога да се распише огласот, наведе дека тоа било во надлежност на претседателот на Советот и тој требал да одлучи. Смета дека е преурането и се надева дека претседателот од денешните дискусии од членовите ќе го изгради

својот став, но тоа било негово дискреционо право и не требал да биде врзан за мислењата на кого било од членовите.

Мирсад Суроји – член на Советот наведе дека на сите им било познато тоа што е на Дневен ред и секој имал можност писмено или на седница да побараат да не биде точка на Дневниот ред и затоа предложи оваа точка да се повлече.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека точката на Дневниот ред е суштествена и добро било што е ставена на Дневниот ред и дека се констатирало дека претседателот на Советот се раководел од член 9 став 1 од Законот за Сидскиот совет на РСМ и ако сите се согласни дека треба да се примени став 2 од членот 9, бидејќи се работело за предвремен престанок на мандат и дека во овој момент е рано да се дискутира по оваа точка, истакна дека добро било што на оваа седница можело да се изнесе првичното мислење и дека биле воедначени дека треба да се примени став 2 од челенот 9 и со тоа точката била исцрпена и немало за што да се гласа и предложи да се помине на следната точка.

Претседателот на Советот се согласи со истакнатиот предлог и констатираше дека во овој момент е преурането да се одлучува по оваа точка од Дневниот ред..

**Точка 5**
**„Постапување по поднесени жалби на ранг листи на кандидати за избор на судии во повисок суд “.**

Претседателот на Советот по однос на 5-та точка од Дневниот ред пред да му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот како претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за повисок суд констатираше дека Весна Дамева-член на Советот е изземена во постапката за избор на овој судија во повисок суд и констатираше дека ја напушти седницата.

м-р Селим Адеми член на Советот наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Благица Ѓошевска, судија на Основен суд Крива Паланка која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека основан е наводот на судијата дека за временото упатување во Основниот граѓански суд Скопје, во периодот од 01.08.2018 година до 31.07.2029 година, не и е доделен ниту еден поен од можни 5 поени, што е спротивно на член 7 став 3 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, поради што предлага Советот на судијата да и додели 0,6 поени или вкупно по сите критериуми 66,2 поени.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата да се уважи“ и по гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Благица Ѓошевска, судија на Основен суд Крива Паланка изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 ( четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1698/2 од 04.09.2023 година, СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 66,2 поени.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавил Газменд Фејзули, судија на Управен суд кој е незадоволен од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека неоснован е наводот на судијата дека за критериумот „Стручно знаење и специјализација за работа во специјализиран судски оддел не му е доделен ниту еден поен, од причина што Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, правилно утврдила дека овој судија ја нема потребната специјализација во граѓанската област, бидејќи Огласот за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, бил објавен за граѓанската област, додека судијата има специјализација од управната област.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата е неоснована"и по гласањето констатира дека со 11 гласа -„За" и 1 „Против" е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Газменд Фејзули, судија на Управен суд изјавена против Предлог ранг-листата на кандидати за избор на 4 ( четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1698/2 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Мирјана Смиљкова, судија на Основен граѓански суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека основан е наводот на судијата дека за јазични вештини по англиски јазик, не и е доделен ниту еден поен од можни 15 поени, , поради предложи согласно овој критериум, Советот на судијата и додели 1 поен за ниво А за англиски јазик.

Претседателот на Советот отвори расправа.

м-р Антоанета Димовска се јави за збор и наведе дека по однос на материјалот кој го имала доставено од Америка се работело за студиски престој во кој само што започнал процесот на компјутеризација на судството, но ако судијата барала во Советот да се провери познавањето на комјутери тоа би требало да се овозможи, По однос на едукативните материјали наведе дека и таа кога конкурирала за судија не успеала да ги прибави бидејќи не ги чувала тие биле во Академијата и постави прашање „Дали на судијата не може да и се верува дека изготвила материјали" тоа можело да се провери и познато и било нејзе лично дека кога се изготвил Законот за парнична постапка таа била во групата која низ цела Македонија држела предавања за измена на Законот за парнична постапка на која и таа лично присуствувала, така да не можела да се согласи за ова да не и се дадат бодови. По однос на познавањето на јазикот сега Советот бил во некој теснец, бидејќи кандидатите се повикувале да се провери знаењето, меѓутоа овој судијата не се повикал дека бара да и се провери знаењето на англиски јазик и можело да и се додели 1 поен врз основа на дополнително доставените докази и по однос на изготвени едукативни материјали да и се доделат бодови колку што предложила судијата.

.

м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека по однос на образовните материјали повеќе судии истакнувале дека Советот можел тоа да го провери но истакна дека тоа не било обврска на Комисијата, судиите требало тоа да го докажат, ап о однос на познавањето на акомпјутерите и англиски јазик судиите можела да барат тоа да го спроведе Комисија на Советоти ниту еден кандидат тоа не го побарал.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека во голем дел ќе го повторела тоа што го кажал колегата и напомена дека ова било прво оценување по новите правилници и методологии за редовно оценување на судиите. на 4 години. Судиите не обрнале големо внимание кога доставувале докази и друго дека требало да се има во предвид дека тие како Комисија на валидни емаил адреси на сите судии што биле кандидати доставиле писма се што треба да достават и дека Комисијта не била таа што собира докази и покрај тоа отишле еден чќекор понапред и од досиејата на судиите да проверуваат дали имаат докази за познавање на компјутери и јазик, за тие судии што биле најдени им впишале поени. Во однос на другиот дел останувала на тезата дека судијата доколку не достави доказ и не побарал да се формира Комисија да полага не можела оваа Комисија или сега Советот по основ на поднесени жалби тоа да го прави, бидејќи била завршена работа и да се прифателo само она за што имало докази и судии на кои им се барало доказ не доставиле не можело сега дополнително да се оценува.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека се согласила со мислењето на Комисијата.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека од Академијата биле доставувани различни потврди во едни стоело дека судијата учествувал на едукации, во други потврди се давале детални податоци колку менторства имал судијата, колку едукации имал, колку предавања имал и на кои теми, дали изготвувал образовни материјали и за тоа што имале доказ Комисијата доделувала поени.

Весна Дамева - член на Советот наведе дека како Комисија биле усогласени во однос на ставовите што може да се прифати и смета дека немало селекција. По однос на доставување на докази имало две различни ситуации и наведе дека таа би го изразила својот личен став дека судиите имале можност да доставуваат докази со пријавата и вториот патк ога Комисијата пуштила циркуларни писма по меил до сите судии а тоа било 3 месец 2023 година, што значело дека тоа им бил вториот рок во кој што децидно било наведено што може да достават. .Од содржините на жалбите произлегувало дека дел од судиите по тој допис известувале дека имаат сертификати, одредени научни трудови и тоа според нејзе било прифатлило, но по однос на сите доставени докази за прв пат во жалбата меѓу кои и ова барање за тестирање на познавање и англиски јазик смета дека не е прифатливо. Жалбата се изјавувала на изготвената ранг листа која била изготвена врз основа на сите докази со кои Комсијата располага во тој момент и наведе дека останува на ставот дека се што било доставено по дописот требало да се прифати доколку Комсијата не го зела во предвид, но не за прв пат кога тоа ќе го истакнел судијата во жалбата.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека на судијата може да и се додели поен и за познавање на компјутери бидејчи доставила сертификат за студиски престој кој бил за обука на компјутеризација на судството и принципиелно се согласила со Комисијата но овде требало да се додели поен бидејќи била специфична ситуацијата..

м-р Тања Чачарова Илиевска наведе дека точно било тоа дека прв пат го применувале Правилникот за рангирање на кандидатите за повисок суд и дека се соочувале со специфични ситуации.меѓутоа посочи дека во Правилникот по однос на стручно знаење и специјализација и

вештини на судиите  во членот 4 точно било наведено со што треба да се докажува. Во конкретниот случај во материјалите имлоа сертификат кој упатувал на тоа дека судијата познава работа со компјутери и имајжи го во предвид датумот кога  се стекнал  немала дилеми дека  судијата требало 1 поен да добие и по однос на познавање на компјутери

Со оглед дека никој  повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата делумно да се уважи“ и по гласањето констатира дека со 12  гласа -„За“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Мирјана Смиљкова, судија на  Основен граѓански суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 ( четири)  судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1698/2 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА  и добива вкупно 61,2 поени.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Ирена Костадинова Ангелова, судија на Основен граѓански суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека   основани  се наводите на судијата дека при рангирањето не бил земен во предвид Сертификатот за познавање на англиски јазик од Ц1 ниво и Сертификатот за активно  познавање на компјутерските програми за канцелариско работење, што е спротивно на член 4 став 2 алинеја 4  и 5 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, поради што предложи, Советот  на судијата  да и додели 15 поени  за ниво Ц   за англиски јазик и 1 поен за практично знаење на компјутери или вкупно по сите критериуми 73,6 поени.

Претседателот на Советот констатираше дека м-р Миљазим Мустафа член на Советот ја напушти седницата.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој  не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата  делумно да се уважи“и по гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Ирена Костадинова Ангелова, судија на  Основен граѓански суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 ( четири)  судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1698/2 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА  и добива вкупно  73,6 поени.

Претседателот на Советот пред да му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Виолета Арнаудова, судија на  Основен граѓански суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека основан е наводот на судијата

дека за јазични вештини по англиски јазик, не и е доделен ниту еден поен од можни 15 поени, што е спротивно на член 4 став 2 алинеја 4 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, поради што предложи Советот на судијата да и додели 1 поен за ниво А за англиски јазик или вкупно по сите критериуми 50,5 поени.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата делумно да се уважи“и по гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Виолета Арнаудова, судија на Основен граѓански суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 ( четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1698/2 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 50,5 поени.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Цветанка Сиљановска Костадиновска, судија на Основен граѓански суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека основан е наводот на судијата дека не е замена во предвид Дипломата за стекнат научен степен- Доктор на правни науки и дека не и се доделени 2 поена, што е спротивно на член 4 став 2 алинеја 1 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, поради што предложи Советот на судијата да и додели 2 поена за завршени правни докторски студии или вкупно по сите критериуми 59,3 поени.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата делумно да се уважи“и по гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Цветанка Сиљановска Костадиновска, судија на Основен граѓански суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 ( четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1696/2 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 59,3 поени.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Наталија Донева, судија на Основен граѓански суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека наводите дека не и се доделени поени за подготовка на образовни материјали за Академијата и за менторство и едукација, како и во поглед на доделените поени за дополнителна работа, смета дека се неосновани..

Претседателот на Советот отвори расправа.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека судијата и самата во дописот од март 2023 година ја известила Комисијата дека по однос на овие стучно изработени материјали за кои не биле доделини поени, со жалбата истите повторно ги доставила и станувало збор за 3 изработени материјали, односно за три теми и наведувала дека поради обемноста на тие материјали во месец март не биле доатвени , но сега ги доставила со жалбата и наведе дека би сакала повторно да се погледнат дали и по однос на втората и третата тема има доставено, бидејќи може да бил направен превид. од страна на Комсијата. Колегата Селим навел дека за едната тема направен бил пропуст и на судијата да и се додели поен но за останатите две теми предлага да се провери.

Претседателот на Советот констатираше дека м-р Миљазим Мустафа член на Советот повторно е присутен на седницата.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека на хелп курсевите на Советот на Европа, кои и таа ги посетувала, наведе дека целата работа била онлајн со тоа што судијата ја посочила Веб страната и можело да се провери, а секогаш кога се правел таков курс се правело едно воведно излагање, а потоа се останато се работело онлајн, така да според нејзе доволно судијата докажала дека била тутор на тој курс и смета дека за сите трудови треба да и се доделат поени.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека и претходно кажал дека ставот на Комисијата бил тој, бидејќи имало и други судии кои посочувале каде треба да се провери, но Комисијата ги земала во предвид само доставени докази преку архива.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека по однос на третата тема , односно изработен материјал наведе дека и таа се согласува дека сдуијата требала барем првата страна да ја достави, но по однос на двете претходно доставени иако во март месец не ги досатвила поради обемноста на материјалите, сепак сега со жалбата ги доставила требало да се земат во предви,а се согласува со тоа дека не може да се пребарува како што укажувале судиите и побара во досите дали има материјал и за втората тема..

м-р Тања Чачарова Илиевска наведе дека ако нема друга можност освен Веб страната за да се потврди посетата, не знае каков доказ би се барал, бидејќи единствен доказ била Веб страната.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот праша дали го има воведнот излагање судијата за хелп курсот на советот на Европа.

м-р Миљаим Мустафа наведе дека истиот имал креиран профил и со само влегување во страната можело да се испринта се што судијата посетувала.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека судијата треба да достави доказ дека имала изготвено образовен материјал за држење на обука на други, а не дека тој бил на тие обуки.

Мери Радевска наведе дека немале доказ дека судијата на таа тема имала изработено труд за да предава.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека не било така бидејќи хелп курсот функционирал на начин што студиите на случај, прашањата, дискусиите ги креирате самите со целото лично знаење и консултирање на литература.и се создавало нешто ново, тоа било производ.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот„ за подготовка на образовни материјали да и се додели плус 1 поен" и по гласањето констатира дека со 6 гласа -„За" и 6 гласа „Против" не е усвоен предлогот и констатираше дека е останато бодирањето на Комисијата и е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Наталија Донева, судија на Основен граѓански суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 ( четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1696/2 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Елизабета Настов, судија на Основен граѓански суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека дека основани се наводите на судијата дека направена е техничка грешка при пресметувањето на судкиот стаж во потврдата на Основниот граѓански суд Скопје Су.бр.04-122/21 од 19.07.2021 година, како и во поглед на доделените бодови за работа во спеццијализиран судски оддел, што е спротивно на член 9 и член 4 став 3 и од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, поради што предложи Советот на судијата да и додели 1 поен за должина на судискиот стаж и 0,5 за работа во специјализиран судски оддел или вкупно по сите критериуми 77,3 поени.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата делумно да се уважи"и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За" е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Елизабета Настов, судија на Основен граѓански суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 ( четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1696/2 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 77,3 поени.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавил Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје кој е незадоволен од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека наводите дека Комисијата неправилно и нецелосно ги применила одредбите од член 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд во поглед на доделените поени смета дека се неосновани, бидејќи истите не можат да бидат основа за доделување и корекција на поени, од причина што

Комисијата правилно се раководела од податоците кои судијата ги доставил кон пријавата на огласот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот„ Жалбата на судијата да се одбие како неоснована “и по гласањето констатира дека со 10 гласа -„За и 2 гласа „Против“, е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Андреј Димовски, судија на Основен граѓански суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за граѓанска област бр.09-1696/2 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Претседателот на Советот констатираше дека Мирсад Сурои ја напушти седницата..

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавил Пајазит Пајазити, судија на Основен кривичен суд Скопје кој е незадоволен од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека основан е наводот на судијата дека за јазични вештини по англиски јазик, не му е доделен ниту еден поен од можни 15 поени, што е спротивно на член 4 став 2 алинеја 4 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, поради што предложи, Советот на судијата да му додели 1 поен за ниво А за англиски јазик или вкупно по сите критериуми 51,6 поени.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ На судијата да му се додели 1 поен за познавање на англиски јазик “ и по гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“ е усвоен предлогот.

Претседателот на Советот костатираше дека седницата заврши во 15:30 часот и истата ќе продолжи на 19.10.2023 година во 10,00 часот

## П Р О Д О Л Ж Е Н И Е
## од 460 -та седница на Судскиот совет на
## Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 19.10.2023 година, во 10:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Мери Радевска**, член;
- **м-р Антоанета Димовска** – член;
- **Лорета Горгиева**, член<
- **Ивица Николовски**, член;

- **Мирсад Суроји**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Оправдано отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседателка на Врховен суд *(уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**,  ВД генерален секретар;
- **Анита Андоноска,** државен советник;
- **Вера Андрејчин,** советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Претседателот на Советот констатираше дека се продолжува со 5-та точка од Дневниот рес по однос на жалбата изјавена  Пајазит Пајазити, судија на  Основен кривичен суд Скопје.

Претседателот на Советот отвори расправа.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека судијата во жалбата навел дека по однос на објавени стручни трудови доставил копија од првите страни на научниот трудови и линк до истиот, но истакна дека во метеријалите таа ги немала и ја праша Комисијата дали ги доставил. По однос на образовните материјали судијата се повикувал на потврдата од Академијата за подготввуање на прашањата  за кандидатите во Академија не гледала друг материјал и смета дека правилно одлучила Комисијата по ова прашање и по однос на другите наводи од жалбата и дека истите се неосновани.

м-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека по однос на наводот за изготвување на образовен материјал за  почетна обука судијата доставил потврда  од академијата па постави  прашање, „ако ги признаваме сертификатите за познавање на англиски јазик како нема да ги признаме потврдите од Академијата дека судијта учествуал и изработувал образовни материјали.

Претседателот на Советот во интерес на времето наведе веќе расчистиле што преставува образовем материјал, дека тоа требало да биде изготвен труд.

Мери Радевска – член на Советот се јави за збор и истакна дека веќе по однос на ова прашање било заземен  став при рангирањето на кандидатите за Врховен суд.

м-р Селим Адеми-член на Советот одговори на прашањето на членот Тања и наведе дека се што било доставено со жалбата било скенирано и доставено како материјал.

Мери Радевска – член на Советот постави прашање дали физички во прилог на жалбата има било каков документ  кој укажувал дека имал и научен или образовен  труд.

м-р Селим Адеми-член на Советот наведе дека во прилог на жалбата нема..

м-р Антоанета Димовска – член на Советот истакна дека не се согласува со веќе завземениот став кога Советот бирал судии за Врховниот суд, по однос на тоа дека прашањата кои се изготвуваат за Академијата не бил обрзвоен материјал. Истакна дека според нејзе тоа бил образовен материјал и побара гласањето да биде посебно.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека по однос на наводот дека судијата доставил копија од првите страни на научниот труд можеби истиот пропуштил, но повикувал на линк и смета дека овој навод е прфатлив и за неа и дека ќе останела конзистентна на нејзиниот став како што гласала и за еден од претходните судии.

Лорета Горгиева наведе дека во потврдата на Академијата било издвоено посебно и дека судијата изготвувал образовни материјали за почетната обука и не било идентично со претходното и за тоа ќе гласала за да му се доделат поени и по однос на овој навод истакнат во жалбата.

Ханиф Зендели – заменик претседателот на Советот појасни дека изготвувал прашања за програмски совет на Академијата и дека тоа биле веќе изготвени прашања со тоа што тие само ги прилагодувале и дека тоа не било негов труд.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека членот Ханиф веќе појаснил како се подготвувале прашањата за програмскиот совет.

Претседателот на Советот истакна дека и тој бил запознаен со истото и дека се согласува со изнесеното на колегата Ханиф.

Со оглед дека повеќе никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ да се доделат поени за изготвување на прашања за почетната обука во Академијата “и по гласањето констатира дека со 5 гласа -„За“ и и 7 гласа „Против“ не е усвоен предлогот

, Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Останатите наводи во жалбата да се уважат “и по гласањето констатира дека со 1 гласа -„За“ и 11 глас „Против“,не е усвоен предлогот

По гласањето, претседателот на Спветот констатираше дека е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Пајазит Пајазити, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 51,6 поени.

Претседателот на Советот пред да му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот како претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за повисок суд констатираше дека Весна Дамева-член на Советот е изземена во постапката за избор на овој судија во повисок суд и ја напушти седницата.

м-р Селим Адеми-член на Советот наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Ценета Бектовиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека наводите дека не и се доделени поени за познавање на англиски јазик, поради тоа што сертификатот бил од 1998 година , изминати биле повеќе од 20 години, како што предвидувал Правилникот исто така по однос на наводите за работа во специјализиран судски оддел, оцена на работата, способноста за усно и писмено изразување и за студискиот стаж доделени биле поени согласно приложените докази.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата да се уважи "и по гласањето констатира дека со 1 глас -„За" и 10 гласа „Против"е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Ценета Бектовиќ, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Претседателот на Советот констатираше дека Весна Дамева –член на Советот повторное пристапи на седницата.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Душан Јосифов, судија на Основен кривичен суд Скопје кој е незадоволен од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека основан е наводот на судијата дека за јазични вештини по англиски јазик, не му е доделен ниту еден поен од можни 15 поени, што е спротивно на член 4 став 2 алинеја 4 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, поради што предложи Советот на судијата му додели 1 поен за ниво А за англиски јазик или вкупно по сите критериуми 50,3 поени.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Претседателот на Советот констатираше дека Мирсад Суроји – член на Советот ја напушти седницата.

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Делумно се уважува жалбата и на судијата да му се додели 1 поен за познавање на англиски јазик " и по гласањето констатира дека со 11 гласа -„За" е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Душан Јосифов, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје,

за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 50,3 поени.

Претседателот на Советот пред да му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот како претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за повисок суд констатираше дека Мирсад сурoји – член на Советот е повторно присутен на седницата а Весна Дамева-член на Советот дека е изземена во постапката за избор на овој судија во повисок суд и дека ја напушти седницата.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Александра Ристевска, судија на Основен кривичен суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека основан е наводот на судијата дека за јазични вештини по англиски јазик од ниво Ц 1 и германски, јазик од ниво Б2 доделени и се само 5 поени од можни 15 поени, што е спротивно на член 4 став 2 алинеја 4 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, поради што предложи Советот на судијата да и додели плус 10 поени или вкупно 15 поени за јазични вештини.

Претседателот на Советот отвори расправа

Мери Радевска – член на Советот во врска со наводот дека на судијата не и бил доделен ниту еден поен истакна дека Комсијата била точно на време кога бил закажан предметот за судење, а судијата воопшто не се појавила, а записничарот го одложил судењето иако биле присутни и странки .

Претседателот на Советот праша од која причина е одложено судењето.

Мери Радевска – член на Советот одговори дека имала нешто работа, меѓутоа долго време Комисијата седела во судницата и чекале да се појави, и ја прашале записничарката каде е судијата, не знаела да одговори, чекале можеби 15 минути и на крајот им одговорила дека имала нешто работа и затоа не можеле како Комисија да дадат поени за усно изразување, додека за писмено изразување и биле доделени бодови.

м-р Селим Адеми-член на Советот наведе дека од претседателот на судот било побарано на Комисијата да и даде податок кога судијата има судење и врз основа на таа динамика Комисијата правела план и биле кај сите кандидати, биле и кај овој судија и го потврди тоа што го изнела членот Мери Радевска.

Лорета Горгиева – член на Советот постави прашање дали имаат евидентирано на која дата биле.

Мери Радевска – член на Советот одговори дека биле на 13 февруари 2023 година.

Лорета Горгиева – член на Советот постави уште едно прашање дали Комисијата кога немала услови конкретниот ден да направи увид во работата и усното изразување на судијата дали немала обврска тоа да го повтори и друг ден.

Мери Радевска – член на Советот одговори дека смета дека како член на Комисијата немала обврска затоа што судијата кога ќе закажел судење мора да биде присутен и тоа пред да дојдат странките, морал тој лично да ја одложи расправата ,а доколку е отсутен записничарот

ќе знаел дека од оправдани причини е спречена . објаснувањето декаимала работ после 10 минути чекање во судница според нејзе не било оправдување.

Лорета Горгиева – член на Советот постави прашање дали Комисијата занела точно на кој предмет ќе присуствувала за увид во рабата на судијата.

м-р Селим Адеми-член на Советот наведе дека Комисијата не бирала предмети кога одела на увид , оделе на датумот кога судиите имале закажано судење и не занеле за кои предмети станува збор и дека тоа не била негова работа и нигогаш немало да се занимава со тоа. Наведе дека имало 57 кандидати била голема работа за Комисијата судиите требало да бидат присутни на судењата затоа што врз основа на тоа добивале поени, а ако не биле присутни не добивал поени. Иста таква ситуација имале и во Гостивар судијата не се појавил на суддење и не му биле доделени поени, а имале и ситуација кога судија со патерици дошол на судење ги судел предметите и добил поени.

Лорета Горгиева – член на Советот постави прашање дали за конкретниот судија и конкретниот предмет Комисијата кога била на увид во комплетен состав

м-р Селим Адеми-член на Советот наведе дека Комисијата на увидот била во комлетен состав, а од кога еден член бил изземан од тогаш не бил тој член присутен.

м-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека овие прашања биле сувишни и дека Комисијата не била на обвинителна клупа, како и нивниот професионален однос и предложи овој жалбен навод на судијата да се одбие.

м-р Селим Адеми-член на Советот наведе дека поодност на жалбениот навод за должина на судиски стаж Комсијата го земала во предвид судискиот стаж во моментот на поднесувањето на пријавата.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот истакна дека во целост се согласувала со наводот на Комсијата дека судијата доколку немал оправдана причина морал да биде во судница и дека дискусијата не требала да се води во насока истата да се напаѓа, односно забелешките требало да одат во таа насока дали нешто треба да се бодува или не, а тоа што констатирала Комисијата сега и во иднина ќе го почитувала и немала намера да го коментира.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека по однос на прашањата упатени кон Комисијата би требало членовите да бидат јасни и концизни.

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата делумно да се уважи и да и се доделат плус 10 поени за познавање на англиски јазик а останатите наводи да се одбијат како неосновани“ и по гласањето констатира дека со 11 гласа -„За“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Александра Ристевска, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 66,8 поени.

Претседателот на Советот пред да му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот констатираше дека Весна Дамева-член на Советот повторно е присутна на седницата.

м-р Селим Адеми-член на Советот наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавил Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип кој е незадоволен од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека е основан наводот на судијата и дека треба 0,1 поен за времено што бил упатен во Основен суд Виница.

Претседателот на Советот отвори расправа.

М-р Тања Чачаровва Илиевска наведе дека по однос на менторство и едукација на судијата треба да му се додели уште еден поен..

Со оглед дека повеќе никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата да се уважи “и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Ацо Тасев, судија на Основен суд Штип изјавена против Предлог ранг-листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 69 поени.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Ленка Давиткова, судија на Основен кривичен суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека наводите на судијата дека не и се доледелно поени за стручно знаење и специјализација, пзонавање на англиски јазик и комјутерски тест, како и по однос на тоа дека за оцена на работата, способноста за усно и писмено изразување и за дополнителна работа не и се доделени реални поени, смета дека се неосновани, бидејќи истите не можат да бидат основа за доделување на поени, од причина што Комисијата правилно се раководела од податоците кои судијата ги доставила кон пријавата на огласот.

Претседателот на Советот констатираше дека Павлина Црвенковска – член на Советот ја напушти седницата и отвори расправа.

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата да се уважи “и по гласањето констатира дека со 1 глас -„За и 10 гласа „Против“, е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Ленка Давиткова, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Претседателот на Советот пред да му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот како претседател на Комисијата за рангирање на кандидатите за повисок суд констатираше дека

Весна Дамева-член на Советот е изземена во постапката за избор на овој судија во повисок суд и дека ја напушти седницата.

м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавил Илија Трпков, судија на Основен кривичен суд Скопје кој е незадоволен од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека непосредно пред седница кај него како претседател на Комсијата овој судија доставил дополнителни докази кои смета дека не треба да бидат земени во предвид, бидејќи не се доставени во рок од 8 дена.

Претседателот на Советот отвори расправа.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека судијата во жалбата како посебен жалбен навод истакнал дека изготвувал прашања за тестот за проверка на знаењето од кривичен модул и дека програмскиот совет на Академијата имал веќе изготвени пршања но тие некој ги изготвуал , наведе дека и таа изготвувала и тоа го посочувале судиите и побара за овој жалбен навод да се гласа посебно.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот постави прашање дали судијата во континуирани обуки има одржано 7 обуки, бидејќи споед неа тоа произлегувало од потврдата од Академијата која судијата ја доставил како доказ.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот потврди дека од потврдата издадена од Академијата се гледало дека се работи за 7 обуки кои судијата ги одржал како едукатор.

Со оглед дека повеќе никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ за изготвување на образовни материјали за Академија да се додели плус 1 поен “ и по гласањето констатира дека со 4 гласа -„За“ и 7 гласа „Против“, не е усвоен предлогот.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ за критериумот менторство и едукација за одржани до 10 обуки како едукатор да му се додели плус 1 поен “и по гласањето констатира дека со 9 гласа -„За и 2 гласа „Против“, е усвоен предлогот и донесено е

## Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на Илија Трпков, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 57,5 поени.

Претседателот на Советот констатираше дека Весна Дамева – член на Советот повторно е присутна на седницата

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Оља Ристова, судија на Основен кривичен суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека овој судија исто така во текот на вчерашниот ден доставил дополнителни докази и дека веќе бил завземен став дека нема да се прифатат бидејќи се

неблаговремно доставени. По однос на наводите за  објавени стручни трудови и образовни материјали за Академијата   судијата упатувал на линк каде може да се провери, но наведе дека Комисијата доделила поени само за тоа што имала доставено докази.

Претседателот на Советот отвори расправа.

м-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека по однос на наводот за изготвување на образовни материјали каде судијата навел дека добил 0 поени, во жалбата навел  дека за потребите на Академијата има изготвено 100 прашања поврзани со примена на Кривичен закон, Законот за кривична постапка и над 20 студии на случај поврзани со Законот за правда на децата за завршниот испит на  6-та  генерација на Академијата за 2017 година и дека доставила потврда од Академијата, каде има дека  судијата имала ангажман за  изготвување на прашања и студија на случај и предложи овој жалбен навод да се земе како основан.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот истакна дека се согласува со колегата Ивица и дека судијата изготвувала и студија на случај  што уште повеќе се потврдувал фактот дека изготвувала образовен материјал.

Со оглед дека никој  повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ на судијата да и се доделат поени за изготвени образовни материјали за Академија “и по гласањето констатира дека со 5 гласа -„За“ и 7 гласа „Против  не е усвоен предлогот.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ на судијата да и се доделат поени за објавени стручни трудови “и по гласањето констатира дека со 3 гласа -„За“и 9 гласа „Против“, не е усвоен предлогот и констатираше дека  е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Оља Ристова, судија на  Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири)  судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Претседателот на Советот  му даде збор на м-р Селим Адеми-член на Советот  кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавил Бетим Јахја, судија на  Основен суд Тетово кој е незадоволен од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека  основан е наводот на судијата дека  не е земена во предвид  конечната ранг за Апелационен суд Гостивар каде е рангиран со 58,9 поени, како и по однос на јазични вештини по англиски јазик,  поради што предложи  Советот  на судијата му додели 10 поени  за ниво Ц  или вкупно 15 поени за англиски јазик.

Претседателот на Советот отвори расправа.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека судијата за познавање на компјутерски вештини навел дека завршил Академија за судии и јавни обвинители каде што полагал  посебен предмет и испит од ИТ,  и со тоа што полагал испит според нејзе било доказ дека  познава работа со компјутери.

м-р Селим Адеми - член на Советот наведе дека на сите им било познато дека судиите знаат да работат во АКМИС системот ,но Комисијата доделувала поени согласно доказите кои ги имале доставено, а тоа го предвидувал Правилникот.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека судијата во жалбата навел дека не добил известување за доставување на дополнителни докази.

м-р Селим Адеми - член на Советот наведе дека овој кандидат и други 5-6 кои конкурирале и за Апелационен суд Гостивар, при изготвување на оваа ранг листа било земено во предвид тоа што како доказ го имал доставено по тој оглас и затоа сега има доставено дополнително доказ за познавање на англиски јазик кој смета дека треба да биде земен во предвид.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека по однос на дискусијата на колешката Тања како член на Комисија во овој момент ќе кажела дека е во право и требало да се достави барање за доставување на дополнителни докази до сите судии и не требало тоа да се дозволи, бидејќи секој оглас е посебен, но во право бил и колегата Селим кога кажал дека штом ке го прифатиме сега доставениот доказ не било ништо спорно и не гледала дека овој судија кој е кандидат за повикок суд ќе биде дискриминиран или му се повредени правата. По однос на компјутерските вештини наведе дека се согласува со ставот дека ако овој судија е академец треба да му се признае познавањето на компјутерски вештини бидејќи во Академијата полагале посебен изпит..

Претседателот на Советот потенцираше дека признавањето на поени за познавање на компјутерски вештини требало да биде за сите кандидати кои ја имаат завршено Академијата.

м-р Антоанета Димовска наведе дека секоја жалба е посебна и сега за прв пат овој судија наведува дека полагал посебен испит за познавање на компјутери во Академијата и за овој судија истакна дека требало да му се прифати, бидејќи тоа било факт со оглед на тоа што тој не можел да заврши Академија ако не го положил испитот за информатика и дека треба да се одвои како посебен жалбен навод и да се гласа посебно за двата жалбени наводи.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека во ранг листата, а имајќи го предвид рангирањето со конечната ранг листа за Апелациониот суд Гостивар каде по жалба бил рангиран со 58.9 поени, а сега при изготвувањето на оваа ранг листа му биле земени во предвид 57,9 поени, дали сега и е прашање требало прво да се прифати 58,9 поени , па потоа за познавање на англиски јазик и компјутери и да се провери истото.

Мирсад Суроји – член на Совето наведе дека по однос на дополнителна работа наместо 4 поени требало до стои 5 поени, бидејќи одржал повеќе од 10 обуки видно од потврдата на Академијата бил на 13 обуки..

Мери Радевска – член на Советот наведе дека од записникот од 453 седница на страна 13 разгледувана е жалбата на Бетим Јахја и истата била уважена и доделени му биле вкупно 58,9 поени и дека треба да се направи исправка.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ на судијата да му се доделат 1 поен за познавање компјутери“ “и по гласањето констатира дека со 6 гласа -„За“ и 6 гласа „Против“, не е усвоен предлогот.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ на судијата да му се доделат плус 10 поени за познавање англиски јазик" "и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За" (е усвоен предлогот.и со корекција на бодовите донесено е

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Бетим Јахја, судија на Основен суд Тетово изјавена против Предлог ранг-листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 68,9 поени.

Претседател на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми – член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Славица Наумова Јосифовска, судија на Основен кривичен суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека судијата во жалбата наведува дека при доделување на поени за оцена на работата бил направен превид по однос на доделувањето на поените, како и за познавање на компјутерските вештини, што е спротивно на член 4 став 2 алинеја 5 и член 5 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд.

Претседател на Советот отвори расправа.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека судијата во произнесувањето во март навела дека ќе го докаже познавањето на англиски јазик ако тоа го цени Комисијата.

Весна дамева – член на Советот наведе дека и во текот на вчерашниот ден било дискутирано и од расправите заклучила дедека по однос на ова, Правилникот би требало да претрпи одредени измени, бидејќи се соочувале со нешто недоречено и што не било облигаторно , а сепак од друга страна наведе дека може кандидатите имале право, но во овој момент таков бил и нејзинито впечаток дака немало можност да се спроведе тоа тестирање, бидејќи немало донесено Правилник на кој начин се спроведува тестирањето. При имплементирањето на овие подзаконски акти наведе дека тоа се утврдило и во иднина можело истото да се уреди.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека дали Советот може или не може да спроведе тестирање за познавање на англиски јазик не бил проблен на кандидатот и смета дека овде најчесно би било да и се додели 1 поен, бидејќи Советот не бил спремен, а таа била спремна да го докаже тоа и навремено го известила Советот во март 2023 година кога била повикана да достави дополнителни докази.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот се соглааува со излагањето на Антоанета дека е поинаква ситуацијата од одредени жалби каде што побарале после откако биле повикани од Комсијата да доставаат дополнителни докази. Меѓутоа ако се читал Правилникот во членот 4 ставот 2 јасно било нагласено дека проверка Комисијата спроведува доколку одлучи дека има потреба и дека не била облигаторна одредбата. Во случајов Комисијита не одлучила за потребно од причините кои ги навел претседателот на Комисијата, така да жалбите во таа насока ако ги гледале а гледале дека во поголем дел кандидатите се повикувале на таа можност дека ќе го докажат своето знаење по однос на јазикот и компјутетите, не можеле да се прифатат жалбените наводи во овој дел бидејќи децидно било навдено во членот 4 одПравилникот дека секој кандидат заедно со пријавата треба да си докаже сам која вештина, кое знаење и во однос на секоја графа од Образецот што поседува со валидни сертификати и потврди. Наведе дека не можеле сега да остават Комисијата да спроведува тестирања дополнително, затоа што кандидатите секој за себе не се погрижиле да достават

валидна документација согласно Правилникот и не можел да се кочи изборот на судии само заради тоа што не ги доставиле потребните документи.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека во Правилникот стоело дека познавањето на јазикот редовно се докажувал со сертификат за јазик и за кое ниво колку поени се добив,. а кандидатот можел да го докаже познавањето со јазикот исто така и со тест пред Комисија. Со оглед дека не можело да се формира Комсија за тестирање бидејќи немало методологија, Комисијата за рангирање одлучила да се прифатат доставените докази.од страна на судиите

Лорета Горгиева- член на Совето наведе дека не се согласува со колешката Чачарова дека во моментот на огласот кандидатите треба да се потрудат да ги достават сите докази, бидејќи не можело да се оштетат кандидатите кога правилникот им го давал правото да нивното познавање странски јазик да го остварат преку тестирање од комисии на Советот.Наведе дека Советот во тој момент не располагал, ниту имал деловник или друг акт со кој поблиску ќе се регурира тоа и дека не биле спремни во тој дел било повеќе од јасно. Но, не требало да биде на штета на судиите кои во моментот ја намале таа потребна документација. Не смело да се оди на штета на колегите и во оваа фаза не се согласувала да се кочи процесот на избор на судии и прифатлив за неа бил предлогот на колешката Антоанета за кандидатите кои во моментот на пријавување барале своето познавање на странски јазик да го докажат пред Советот барем по еден поен да им се додели.

м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека судијата во прилог на пријавата имал доставено Сертификат за познавање на англиски јазик, но истиот Комисијата не го прифатила бидејќи бил од 1998 година, бидејќи Правилникот предвидувал дека не треба да биде постар од 20 година.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека кандидатот кон пријавата имал приложено сертификат од 1998 година и за неа било неприфатливо истиот да не се земе во предвид бидејќи странкиот јазил со текот на годините само се усовршувал поаѓајќи од лично искуство.

Лорета Горгиеа- член на Советот наведе дека токму од овие причини кандидатот барал познавањето на странскиот јазик да го докаже со тестирање пред Комисија на Советот.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека има Правилник и треба да се разграничи како е по Правилникот, второ расмислување било дали имало можност во овој момент да се спроведе тестирање и се прашува и ако на судијата и се додели 1 поен, дали истиот бил задоволен, а можеби ако го спроведел тестирањето заслужувал повеќе бодови, затоа ќе останела принципиелна затоа ќе гопочитувала Правилникот и оние докази кои биле доставени.

Лорета Горгиева – член на Советот наведе дека со оглед дека има објавено огласи за избор на судии требало во најкраток можен рок да се направел внатрешен акт како ќе работела оваа Комсија, се со цел да никој од колегите кои имаат амбиција и сметаа дека треба да бидат унапредени во повисок суд не бидат оштетени.

Весна Дамева – член на Советот побара информација од ВДГенералниот секретар дали овој судија бил академец.

Вена Толева- ВД Генерален секретар изјави потврдно дека овој кандидат е од академец.

Весна Дамева – член на Советот во тој случај наведе дека останува на онј претходен став дека има полагано испит и за странски јазик и за компјутери и би гласала да се доделат поени.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека со оглед дека сега се споменало и за доделување на поени и за познавање на компјутери, наведе дека како и за претходниот судија кој бил од Академијата така и сега требало да се признае бидејќи полагале испит за познавање на компјутерски вештини, но по однос на доставениот доказ за амглиски јазик според неа бил со истечена важност, поради што предложи да се гласа посебно за двата жабени наводи.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот го стави на гласање предлогот „ На судијата да и се додели 1 поен за познавање на англиски јазик “и по гласањето констатира дека со 5 гласа -„За“ и 6 гласа „Против“,не е усвоен предлогот.

Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот го стави на гласање предлогот „ На судијата да и се додели 1 поен за комјутерски тест “и по гласањето констатира дека со 8 гласа -„За“ и 3 гласа „Против“, е усвоен предлогот.

Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот го стави на гласање предлогот „ Останатите наводи во жалбата да се уважат “и по гласањето констатира дека со 11 гласа „Против“, не е усвоен овој предлог и констатираше дека е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Славица Наумовска Јосифовска, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 43 поени.

Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми – член на Советот наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Газменд Фејзули, судија на Управен суд кој е незадоволен од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека неоснован е наводот на судијата дека за критериумот „Стручно знаење и специјализација за работа во специјализиран судски оддел не му е доделен ниту еден поен, од причина што Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, правилно утврдила дека овој судија ја нема потребната специјализација во кривична област, бидејќи Огласот за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, бил објавен за кривична област, додека судијата има специјализација од управната област.

Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот отвори расправа

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата да се уважи “и по гласањето констатира дека со 11 гласа „Против“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Газменд Фејзули, судија на Управен суд изјавена против Предлог ранг-листата на кандидати за избор на 4 ( четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Габриела Гајдова, судија на Основен суд Велес која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека наводите на судијата дека не и се доделени поени за докторски студии, не можат да бидат основа за доделување на поени, од причина што Докторските студии со Докторат од кривичната област го стекнала по објавувањето на огласот за избор на судии во Апелациониот суд Скопје за кривична област.

Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот отвори расправа.

Весна Дамева – член на Советот побара од службата на Советот да провери дали кога докторирала судијата го известила за тоа Советот. Наведе дека тоа го барала од причина што ако го известила Советот дека докторирала претходно, според нејзино мислење би требало да се прифати и ќе гласала за, а доколку за тоа за прв пат известува со жалбата, тогаш не би требало да се прифати.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека ако имаме период за кој судијата се оценува ирелевантно било кога доставил еден доказ, според нејзе од суштинско значење бил датумот кога судијата докторирала, ако докторирала после периодот за оценување не било важно кога истата го доставила и ќе и се земел докторатот во предвид за следното оценување.

Ханиф Зендели –заменик претседател наведе дека и самиот судија во жалбата навел дека докторирала на 14.07.2023 година

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата на судијата да се уважи “и по гласањето констатира дека со 3 гласа -„За“ и 8 гласа „Против“, е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Габриела Гајдова, судија на Основен суд Велес изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Софче Гаврилова Ефремова, судија на Основен кривичен суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека основан е наводот на судијата дека за познавање на компјутерските вештини не и се доделени поени, бидејќи судијата дополнително доставила доказ.

Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот отвори расправа.

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека датумот на издавање на сертификатот за познавање на англиски јазик бил важен затоа што покажувал од кога судијата ја поседувала соодветната вештина или знаење, а доставувањето на документот дали ќе се прифати било заклучено од Советот, ако го доставила по доставувањето на барањето од Комсијата за доставување на дополнителни докази и немала дилема дека треба да се прифати. Но имала дилема дали смее таков документ да се прифати дека е валиден за оценувањето за периодот пред да се стекне со соодветното познавање на јазик од соодветното ниво.

м-р Селим Адеми наведе дека како материјал сите членови на Советот го имале сертификатот и дека истиот бил издаден на 09.03.2023 година, што значело дека со истиот судијата се стекнал по објавување на огласот и не било важно кога како Комисија го барале да се достави, туку кога истиот е издаден.

Лорета Горгиева - член на Советот наведе дека во делот на стручно знаење и специјализација дека учетвувала во четиригодишен проект на Обединетите нации за дрога и криминал,изработени материјали за обуки и доставено имала 5 сертификати посатви прашање какви биле овие сертификати, заташ то за стручни бодови Комсијата имала доделено само 0,1 поен.

м-р Селим Адеми наведе дека дека Комсијата во доказите пронашла само еден сертификат за кој и бил доделен поен.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека како член на Комисијата она што го имало како доказ било земено во предвид , можеби проблем кај овој судија и кај претходните е што не приложувале документи.

Лорета Горгиева наведе дека жалбата не соодвестувала соона што овој судија го добил како бодови.

М-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека сертификат не докажувал ообјавен труд,, посочи дека кога одлучувале по други жалби имале потврди од Академија за изготвени материјали и не ги прифатиле.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека имале жалби каде што судиите кажувале дека доставуваат доказ и линк за проверка, но мнозинството на Советот одлучил да не се прифати, а во прилог на оваа жалба не видела материајли, ддоека Комисијата потврдила дека се што било доставено било земено во предвид. По однос на познавањето на компјутерски вештини да се признае поен со оглед дека е академец.

Со оглед дека повеќе никој не се јави за збор Ханиф Зендели- заменик претседател на Советот го стави на гласање предлогот „ На судијата да и се додели 1 поен за комјутерски тест “и по гласањето констатира дека со 8 гласа -„За“ и 3 гласа „Против е усвоен предлогот.

Ханиф Зендели - заменик претседател на Советот го стави на гласање предлогот „ Останатите наводи во жалбата да се уважат “и по гласањето констатира дека со 2 гласа „За и 9 гласа „Против“, не е усвоен овој предлог и е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Софче Гаврилова Ефремова, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА и добива вкупно 57,4 поени.

Ханиф Зендели - заменик претседател на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми- член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Весна Димишкова, судија на Основен кривичен суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Наведе дека наводите на судијата дека не и е доделен 1 поен за познавање на германски јазик А2 ниво, како и тоа дека за оцена на работата и способноста за усно и писмено изразување не и се доделени реални поени се неосновани, бидејќи истите не можат да бидат основа за доделување на дополнителни поени, од причина што Комисијата правилно се раководела од податоците кои судијата ги доставила кон пријавата на огласот а согласно Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека за Б2 ниво на познавање на англиски јазик на судијата и се доделени поени, но не бил даден поен за познавање на А2 ниво германски јазик а согласно Правилникот за познавање на нареден јазик следува по еден поен.

м-р Селим Адеми наведе дека серификатот е од 08.03.2023 година.

Ханиф Зендели - заменик претседател на Советот констатираше дека претседателот на Советот повторно е присутен на седница

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „Жалбата да се уважи“ и по гласањето констатира 12 гласа -„Против“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Весна Димишкова, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р Селим Адеми - член на Советот кој наведе дека во законски предвидениот рок жалба изјавила Васка Николовска Масевска, судија на Основен кривичен суд Скопје која е незадоволна од рангирањето на Комисијата за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, со предлог жалбата да се уважи и да се изврши корекција на поените. Во жалбата судијата наведувала дека за познавање на англиски јазик Б2 ниво и италијански јазик А1 ниво, подготовка на образовни материјали за Академијата, работа во специјализиран судски оддел, способноста за усно и писмено изразување и менторство и едукација, не и се доделени реални поени.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Весна Дамева – член на Советот побара да се провери од кој датум се сертификатите за познавање на англиски и италијански јазик.

Ханиф Зендели – заменик претседател на Совето наведе дека серификатот за англиски јазик е од 14.01.2001 година , додека за италијански јазик бил од 24.10.2021 година.

м-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека член 4 став 2 алинеја 4 од Правилникот за рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, упатувал дека знаењето на јазикот редовно се докажувал со сертификат за јазик (1 поен) за ниво А на секој јазик со сертификат не постар од 10 години во времето на пријавувањето, ( 5 поени) за ниво Б за секој јазик со сертификат не постар од 15 години, (15 поени) за ниво Ц на секој јазик со сертификат не постар од 20 години.

Павлина Црвенковска – член на Советот наведе дека Комсијата а сега и целиот Совет имала многу тешка работа околу доделувањето на поените за знањето на странски јазик бидејќи била широка одредбата од Правилникот.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека неспорно било тоа дека одредбата е широка, но јасно произлегувало дека во кој период можеле истите да бидат доставувани и колкава била нивната важност, но во алинеја 4 од наведениот став во Правилникот имало наведено само јазични вештини за англиски , француски и германски јазик, па постави прашање дали сега може да се прифати италијански и други јазици, за да не бик никој од судиите оштетен.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека доколку во Правилникот стоело редовно се докажува знаењето на јазикот требало да се ценат сертификатите во рамките во кои важат, а по однос на јазиците таксативно биле наброени и ќе ги ценеле тие што се наведени во Правилникот.

Лорета Горгиева – член на Советот наведе дека во дел на стручно знаење и специјализација наведени во жалбата биле голем број на материјали со точно наведени теми на презентација и праша дали за ова имала судијата доставено докази.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека се што било доставено било земено во предвид при доделувањето на поените и најодговорно потврди дека на ниеден судија не му се доделени помалку поени и дека секој член на Советот можел да изврши увид во досието на судијата.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека судијата во жалбата самата навела дека во прилог доставува само потврда од Академија.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ Жалбата да се уважи“ и по гласањето констатира дека со 12 гласа - „Против“ е донесено

**Р Е Ш Е Н И Е**

Жалбата на Васка Николовска Масевска, судија на Основен кривичен суд Скопје изјавена против Предлог ранг- листата на кандидати за избор на 4 (четири) судии на Апелациониот суд Скопје, за кривична област бр.09-1698/3 од 04.09.2023 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

**Точка 6**

**„ Постапување по одлуки на Управен суд “.**

Претседателот на Советот по однос на 6-та точка од Дневниот ред  наведе дека од страна на Управниот суд е донесена пресуда У-5 бр.1381/2022 од 12.07.2023 година со која се поништува решението на Судскиот совет на РСМ бр.02-1261/2 од 11.07.2022 година. Со оглед да имало неусогласеност во изреката на пресудата и образложението, побарано е од Управниот суд исправка и од страна на судот било донесено решение за поправка на пресуда У-5 бр.1381/2022 од 20.09.2023 година, така што наместо зборовите „за утврдување на престанок на работен однос“ треба да стојат зборовите „за престанок на мандат на член на Советот поради престанок на судиска функција“. Воедно по барање на Советот, од страна на Управниот суд е доставено  известување дека од лицето Зоран Теофиловски е доставена тужба до Управниот суд против решение на Судскиот совет со кое е констатиран престанок на судиска функција, но одлука по тужбата сеуште не е донесена. Оценувајќи го оспореното решение Управниот суд смета дека тужениот со донесувањето на истото сторил повреда на правилата на постапката предвидени во глава XIV од ЗОУП во која се уредени вонредните случаи на укинување и поништување на управни акти од причина што го ставил вон сила Решението бр.02-690/2 од 15.06.2021 година сметано од 01.07.2022 година без притоа да се наведат причините и правниот основ за ставање вон сила  на управниот акт што го прави решението според судот во овој дел нејасно, неразбирливо и неподобно за испитување. Судот смета дека повредите на правилата на постапката влијаеле и врз правилна примена на материјалното право кога утврдил престанок на работниот однос на тужителот поради исполнување на услови за старосна пензија применувајќи ги одредбите од член 54 став 1 точка од Законот за Судскиот совет на РСМ и член 2 став 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи бидејќи доколку остане во сила решението бр.02-690/2 од 15.06.2021 година со кое му се продолжува мандатот на судијата не може да се применат одредбите врз основа на кои е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Ова од причина што ќе се создаде правна несигурност и ќе се влијае врз стекнатите права  на тужителот. Со одредбата од член 2 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи е шпредвидено дека за поднесените изјави за продолжување на договорот за вработување се применуваат одредбите од Законот за работните односи (Службен весник бр.62/2005........267/20). Во напатствијата при повторно постапување и одлучување судот наведува дека тужениот орган ќе треба правилно да ги примени одредбите од глава XIV од ЗОУП во која се уредени вонредните случаи на укинување и понишптување на управни акти, а доколку најде дека не постои правен основ за поништување или укинување на правните последици предизвикани со решението за продолжување на мандатот на тужителот, да ја има предвид одредбата од член 2 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, која одредба е предвидена со цел да не се загрози правната сигурност и стекнатите права на граѓаните.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Мери Радевска – член на Советот наведе дека во врска со ова прашање имала издвоено мислење уште кога се носела одлуката која  сега е поништена, кога Советот распрвал за мандатите на судиите на кои им бил продолжен мандатот и за престанок на тој мандат на 30.06.2022 година.и во однос на овие  колеги кои биле членови на Советот наведе дека останува на истото мислење дека нема законски основ за престанок на мандат на член на Советот поради исполнување на услови за старосна пензија, затоа што тоа не било определно вочлен 31 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Весна Дамева – член на Советот наведе дека носење на одлука во овој момент било преурането бидејќи ако се одлучиле да прекинат мандат на член на Советот не можело доколку

не било одлучено по претходното прашање а тоа било пензионирањето на судијата., имајќи во предвид дека во Управниот суд во тек е постапка по жалба по однос на ова прашње и се уште не било одлучено и смета дека поради тоа е преурането да се одлучува. Наведе дека останува на нејзиното мислење изразено на 407-та седница на Советот одржана на 01.07.2022 година, со дополнување бидејќи немала право да гласа воздржано ќе гласала против но не во смисла на мериторно одлучување, со оглед дека Советот немал надлежност да постапува., имајќи во предвид дака во член 36 од Законот за Судскиот совет на РСМ, таксативно биле наведени надлежностите на Советот .

м-р Тања Чачарова Илиевска – член на Советот наведе дека на минатата седница кога требало да се одлучува по ова прашање побарала претходно да се провери до каде е постапката во Управниот суд по однос на поднесената тужба за поништуивање на решението за престанок на судиска функција. Сега со доставената потврда од Управниот суд , произлегло дека таа постапка се уште не била завршена и истакна дека не и е јасно како Управниот суд постапувал по оваа тужба без да го земе во предвид ова претходно прашање, односно судискиот мандат бидејќи смета дека челновите на Советот од редот на судии го црпат својот мандат од судискиот мандат, тоа бил нејзиниот став кој го повторила неколку пати досега. Со оглед дека сега веќе имало завршена постапка по однос на мандатот на член на Советот наведе дека ќе останела на ставот што го имала и за претходните случаи кои ги имале за останатире колеги, бидејќи со измена на Законот за работни односи на нив им престанува мандатот бидејќи им престанал и судискиот мандат.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека ги изнела веќе својот став дека на Зоран Теофиловски –член на Советот не требало да му престане мандатот на 30.06.2022 година, бидејќи имал стекнато право со решението со кое сега е оспорено, туку нему требало да му истече мандатот во април 2023 година.

м-р Ивица Николовски – член на Советот наведе дека е преурането да се расправа ова прашање, од причин аштo мандатот на член на Советот од редот на судиите исклучиво е поврзан со судискиот мандат , по добиени информации дека од страна на Зоран Теофиловски била поднесена тужба во Управниот суд со која се спори решението со кое му престанал судискиот мандат поради исполнувањ ена старосна пензија и Советот немал пречка по ова прашање да постапи, но според него пречката била што не биле усогласени кога точно би престанала судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија и смета дека доколку сега одлучелеа а ставот на мнозинството било дека одлуката била исправна само имало потреба од дополнително образложение , пак би бил ставот дека на 30.06.2022 година му престанува мандатот на член на Советот. Се согласи со изнесеното од членот Антоанета дека бил направен превид ама согласно закон не било земено во предвид стекнатото право кое не било стекнато на законски начин и не можело да предизвика правни последици. Преурането било затоа што очекувал можеби и прејудицирал Управниот суд да го поништи решението за престанок на судиската функција и сега ако се поништело ова решение ,а Советот повторно носи решение за престанок на мандат со дата 30.06.2022 година ќе се доведеле во една безизлезна ситуација и ќе биле контрадикторни ако не се поклопат датумот за престанок на судиска фукција и датумот за престанок на мандат на член на Советот.

м-р Антоанета Димовска – член на Советот наведе дека ако мнозинството од овој Совет гласа дека се се врзува со дата 30.06.2022 година , тогаш немало дилема, но таа ќе гласала против затоа што тој имал стекнато право.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот „ На Зоран Теофиловски, член на Судскиот совет на РСМ му престанува

мандатот на член на Советот поради престанок на судиската функција заклучно со 30.06.2022 година“ и по гласањето констатира дека со 8 гласа -„За“ и 4 гласа „Против“, е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

На Зоран Теофиловски, член на Судскиот совет на РСМ му престанува мандатот на член на Советот поради престанок на судиската функција заклучно со 30.06.2022 година.

**Точка 7**
**„Одлучување по барања од судии за патни трошоци“.**

Претседателот на Советот по однос на 7-та точка од Дневниот ред наведе дека од страна на судија Маја Каталиниќ од Основен граѓански суд Скопје е доставено барање за надомест за патни трошоци бидејќи истата е времено упатена во Основниот суд Куманово. Кон барањето има доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од одлука за избор на судија, копија од решение за времено упатување,изјава заверена кај нотар дека судијата или член на нејзиното потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на Основен суд куманово и потврда за цената на возниот билет на релација Скопје – Куманово и обратно.Исполнети се условите за донесување на решение за надомест на патни трошоци и отвори расправа

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За“, е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Маја Каталиниќ,** судија на Основен граѓански суд Скопје за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Маја Каталиниќ, судија на Основен граѓански суд Скопје и се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 06.09.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Куманово, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Куманово и обратно.

Претседателот на Советот наведе дека од страна на судија Костадин Ѓорѓиев од Основен суд Струмица е доставено барање за надомест за патни трошоци бидејќи истиот е времено упатен во Основниот суд Делчево. Кон барањето има доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од одлука за избор на судија, копија од решение за времено упатување, изјава заверена кај нотар дека судијата или член на неговото потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на Основен суд Делчево и потврда за цената на возниот билет на релација Струмица-Штип - Делчево и обратно бидејќи нема директна линија Струмица –Делчево и отвори расправа

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За“, е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Костадин Ѓорѓиев,** судија на Основен суд Струмица за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Костадин Ѓорѓиес, судија на Основен суд Струмица  му се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 06.09.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Делчево, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Струмица-Делчево и обратно.

Претседателот на Советот наведе дека од  тсрана на судијата Кирил Георгиев од Основен кривичен суд Скопје Скопједостави барање за надомест за патни трошоци бидејќи истиот е времено упатен во Основниот суд Прилеп. Кон барањето има доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од одлука за избор на судија, копија од решение за времено упатување, изјава заверена кај нотар дека судијата или член на неговото потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на Основен суд Прилеп и потврда за цената на возниот билет на релација Скопје - Прилеп и обратно и отвори расправа

Со оглед дека никој  не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За“, е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Кирил Георгиев,** судија на Основен кривичен суд Скопје за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Кирил Георгиев, судија на Основен кривичен суд Скопје му се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Прилеп, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје- Прилеп и обратно.

Претседателот на Советот наведе дека од  тсрана судијата Билјана Иванова од Основен суд Струмица достави барање за надомест за патни трошоци бидејќи истата е времено упатена во Основниот суд Берово. Кон барањето има доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од одлука за избор на судија, копија од решение за времено упатување, изјава заверена кај нотар дека судијата или член на неговото потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на Основен суд Берово и потврда за цената на возниот билет на релација Струмица-Берово и обратно. и отвори расправа

Со оглед дека никој  не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За“, е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Билјана Иванова,** судија на Основен суд Струмица за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Билјана Иванова судија на Основен суд Струмица  и се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Берово во висина на вистинските трошоци за превоз со

превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Струмица-Берово и обратно.

Претседателот на Советот наведе дека од страна на судија Јордан Јованов од Основен граѓански суд Скопје е доставено барање за надомест за патни трошоци бидејќи истиот е времено упатена во Основниот суд Струга Кон барањето има доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од одлука за избор на судија, копија од решение за времено упатување, изјава заверена кај нотар дека судијата или член на нејзиното потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на Основен суд Струга и потврда за цената на возниот билет на релација Скопје – Струга и обратно. и отвори расправа

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За“, е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Јордан Јованов** судија на Основен граѓански суд Скопје за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Јордан Јованов, судија на Основен граѓански суд Скопје му се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 06.09.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Струга, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Струга и обратно.

Претседателот на Советот наведе дека од страна на судија судијата Фросина Стојаноска од Основен кривичен суд Скопје достави барање за надомест за патни трошоци бидејќи истата е времено упатена во Основниот суд Прилеп. Кон барањето има доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од одлука за избор на судија, копија од решение за времено упатување, изјава заверена кај нотар дека судијата или член на неговото потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на Основен суд Прилеп и потврда за цената на возниот билет на релација Скопје - Прилеп и обратно и отвори расправа

Со оглед дека никој не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот и по гласањето констатира дека со 12 гласа -„За“, е донесено следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на **Фросина Стојаноска,** судија на Основен кривичен суд Скопје за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Фросина Стојаноска, судија на основен кривичен суд Скопје и се СЕ УТВРДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.10.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Прилеп, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје- Прилеп и обратно.

**Точка 8**

**„Формирање на Комисија на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд “.**

По однос на 8-та точка од Дневниот ред, претседателот на Советот наведе дека е потребно да се донесе одлука за исклучување на јавноста и предлогот го стави за гласање и констатираше дека со 12 гласа „За“ е донесена одлука да се исклучи јавноста.и се пристапи по пат на ждрепка да се формираат Комисии на известители по однос на поднесените барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд.

Претседателот на Советот костатираше дека седницата заврши во 15:25 часот.

Тонското снимање е составен дел од записникот.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**

Изработил, Анита Андоноска- Државен советник
Одобрил, Весна Толева- ВД Генерален секретар